РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1304/14
13-01-2021 (2020)

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на првото продолжение на педесет и осмата седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на анкетниот лист на ________, претседател на Основен суд ____, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-1304/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1304/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-1304/1 од 22.02.2020 година за проверка на анкетниот лист на ____________, претседател на Основен суд ______ е оформен по Годишен план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

ДКСК по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ________ во законски предвидениот рок од 30 дена по избор на функцијата претседател на Основен суд ______ поднела Анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

За именуваната и членови на нејзиното семејство се побарани податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и Централниот депозитар за хартии од вредност. Воедно извршен е увид во дистрибутивниот систем на Ценралниот регистар на Република Северна Македонија.

По споредување на прибавените податоци со податоците наведени во анкетниот лист на именуваниот утврдено е дека **нема елементи за понатамошно постапување во конкретниот предмет.**

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**